# Деветсота осма година




Деветстота осма година ) 2п
Деветстота осма година
дојде време на уријетот ) 2п

Ветер дувна од Солуна > 3
царот стана од престола
ветер дувна од Солуна
царот стана од престола

Шукри паша на стол седи > 3
на стол седи кафе пие
Шукри паша на стол седи
на стол седи кафе пие

Кафе пие збори, збори > 3
ја слушајте Солунчани
кафе пије збори, збори
ја слушајте Солунчани

Зберете се на меѓлишот > 3
дајте им за на уријетот
зберете се на меѓлишот
дајте им за на уријетот

Дајте им за на уријетот > 3
да се вратат војводите
дајте им за на уријетот
да се вратат војводите.